**20171643137**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15 и 142/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 7.11.2017 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА СОВЕТ ЗА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР

Член 1

Во Одлуката за формирање на Совет за соработка помеѓу Владата на Република Македонија и граѓанскиот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/16), во насловот зборовите „помеѓу Владата на Република Македонија и“ се заменуваат со зборовите „со и развој на“.

Член 2

Во членот 1 зборовите „помеѓу Владата на Република Македонија (во натамошниот текст: Владата) и“ се заменуваат со зборовите „со и развој на“, а по зборовите „на Владата“ се додаваат зборовите „на Република Македонија (во натамошниот текст: Владата)“.

Член 3

Во членот 2 ставот (1) се менува и гласи:

„(1) Советот ги врши следните работи:

- ја следи и анализира јавната политика која се однесува и/или влијае на граѓанскиот сектор;
- иницира донесување на нови или изменување и дополнување на постојните прописи за унапредување на правната и институционалната рамка за делување на организациите;
- дава мислење по предлози на закони, стратегии, програми и други правни акти кои се однесуваат или влијаат на развојот и на делувањето на граѓанскиот сектор;
- го поттикнува унапредувањето на соработката и градењето на партнерски односи на Владата и органите на државната управа со граѓанскиот сектор;
- учествува во подготовката и го следи спроведувањето на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор и Акцискиот план за спроведувањето на Стратегијата;
- дава мислење на годишно ниво за реализација на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор;
- ја следи и анализира вклученоста на организациите во процесот на креирање на јавната политика преку доставените извештаи за спроведени консултации од страна на органите на државната управа и дава препораки за нејзино унапредување;
- дава предлози при планирањето на областите и специфичните приоритети за финансирање на активности на организациите од Буџетот на Република Македонија;
- ги разгледува годишните извештаи на Владата и органите на државната управа за финансираните програми и проекти на организациите и дава препораки;
- разгледува предлози на организации и зазема ставови по прашањата од негова надлежност;

- усвојува годишен извештај за својата работа за претходната година, што го објавува на веб страната на Генералниот секретаријат - организациона единица за соработка со граѓанскиот сектор и го доставува до Владата и јавноста за информирање.“.

Член 4

Во член 3 во ставот (1) бројот „27“ се земенува со бројот „31“.

Во ставот (2), во воведната реченица, бројот „14“ се заменува со бројот „15“, по зборот „управа,“ се додаваат зборовите „на работно место од категорија Б – раководни административни службеници согласно Законот за административни службеници,“, по зборот „област“ се додаваат зборовите „и познавање на граѓанскиот сектор“.

Пред алинејата 1 се додава нова алинеја, која гласи:.

„- Министерството за внатрешни работи;“

Во ставот (3), во воведната реченица, бројот „13“ се заменува со бројот „16“.

Алинејата 6 се менува и гласи:

„- млади“.

Во алинејата 8 зборовите „и родова еднаквост“ се бришат.

По алинијата 8 се додава нова алинеја 9, која гласи:

„ - родова еднаквост;“.

Во алинејата 9, која станува алинеја 10, зборовите „и унапредување на квалитетот на живеењето“ се бришат.

Во алинејата 13, која станува алинеја 14, точката се заменува со точка и запирка и се додаваат две нови алинеи 15 и 16 , кои гласат:

„- спорт и

- ЕУ интеграции и политики.“

Во ставот (5) точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите „со право на уште еден избор.“.

Член 5

Во член 5 став (1) во алинејата 5 зборот „две“ се заменува со зборот „три“, а по зборот „кандидат,“ се додаваат зборовите „членувале во мрежи или платформи или учествувале во активности за мониторинг, застапување или лобирање за унапредување на граѓанскиот сектор или“.

Во став (2) во алинејата 2 зборовите „како експерти“ и „мрежи или платформи“ се бришат, по зборот „групи,“ се додаваат зборовите „иницирање и учество во процеси за застапување“, точката се заменува со точка и запирка и се додаваат три нови алинеи 3, 4 и 5, кои гласат:

„ - да не се членови на органи на политички партии;

- да не се избрани или именувани лица;

- да не се вработени во орган на државната управа.“.

Член 6

Во член 6 во ставот (3) алинејата 4 се брише.

Алинејата 5 се менува и гласи:

„- извештај за работата со цели, активности, резултати и извори на финансирање во последните три години;“.

Алинејата 7 се менува и гласи:

„- мотивациско писмо од кандидатот со листа на приоритетни прашања за развој на граѓанскиот сектор и план за координација и комуникација со граѓанските организации во областа за која се предлага.“

Член 7

Во член 7 во ставот (2) по зборот „документи“ се додаваат зборовите „за секој пријавен кандидат“.

По ставот (7) се додава нов став (8), кој гласи:

„(8) Повторното распишување јавен повик од ставот (7) на овој член не претставува пречка за назначување на членовите и работа на Советот доколку Листата на кандидати содржи кандидати во најмалку 12 области на дејствување од член 3 став (3) од оваа одлука.

Ставот (8) станува став (9).

Член 8

По членот 7 се додава нов член 7-а, кој гласи:

„Член 7-а

(1) При изготвување на извештајот и листата на кандидати од членот 7 ставови (1) и (5) на оваа одлука за избор на членови на првиот состав на Советот, освен Генералниот секретаријат на Владата – организациона единица за соработка со граѓанскиот сектор присуствуваат и двајца претставници на организациите поканети од Генералниот секретаријат на Владата.

(2) При изготвување на извештајот и листата на кандидати од членот 7 ставови (1) и (5) на оваа одлука за избор на нови членови на Советот освен Генералниот секретаријат на Владата–организациона единица за соработка со граѓанскиот сектор, присуствуваат и двајца членови на Советот од редот на организациите од претходниот состав.“

Член 9

Во член 9 во ставот (1), по алинејата 3 се додава нова алинеја 4, која гласи:

„- престанување на исполнетоста на условите од членот 5 став (2) од оваа одлука;“.

Член 10

Во членот 10 по зборот „претседателот“ се додаваат зборовите „или член“.

Член 11

Во член 11 во ставот (2) се додава нова алинеја 1, која гласи:

„- се грижи за обезбедување на услови за работа на Советот;“.

Во алинејата 3, која станува алинеја 4, по зборот „Советот“ се става запирка и се додаваат зборовите „ги објавува дневниот ред и записниците од седниците на Советот“.

Член 12

Во членот 12 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Членовите на Советот од редот на организациите со седиште надвор од Скопје имаат право на надомест на патните трошоци за присуство на седниците на Советот во висина на реалните трошоци за јавен превоз.“

Член 13

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-6604/1
7 ноември 2017 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.